PharmaS

## УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството.**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*
- *Овој лек ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица.*
- *За секое несакано дејство известете го Вашиот доктор или фармацевт.*

**Упатството за пациентот содржи:**

1. Што претставува лекот Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети и за што се употребува
2. Што треба да знаете, пред да го употребите лекот Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети
3. Како да го употребувате лекот Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети
4. Можни несакани дејства
5. Чување на лекот Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети
6. Дополнителни информации

**Betahistin PharmaS / Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети**

*betahistine*

**Што содржат Бетахистин ПхармаС 24 mg таблетите**

Активна супстанција во Бетахистин ПхармаС 24 mg таблетите е бетахистин.
Помошни состојки се: повидон; целулоза микрокристална; лактоза монохидрат; силика, колоидна анхидрична; кросповидон (тип А); стеаринска киселина

**Име и адреса на носителот на одобрението за ставање на лекот во промет**

ПхармаС Лекови дооел Скопје
Народен фронт 5/3-1
1 000 Скопје, Р. Македонија

**Име и адреса на производителот**

PharmaS d.o.o.
Radnička cesta 47
10 000 Zagreb, Hrvatska

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ЛЕКОТ Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

**Фармацевтска дозирана форма**

таблета

**Состав**

Една таблета содржи 24 mg бетахистин дихидрохлорид.

**Изглед**

Бетахистин ПхармаС 24 mg таблетите се бели до скоро бели, округли, биконвексни со разделна линија од едната страна. Таблетите може да се поделат на два еднакви дела.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

PharmaS

**Пакување**
Кутија со 20 таблети од 24 mg во блистер пакување.
Кутија со 50 таблети од 24 mg во блистер пакување.

**Како дејствува лекот Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети**
Бетахистин делува на тој начин што ја подобрува циркулацијата во внатрешното уво и го намалува притисокот.

**Кога се употребува лекот Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети**
Бетахистин ПхармаС 24 mg таблетите се применуваат во третман на:
- симптоми на Мениерова болест како што се: вртоглавица со гадење и повраќање, оштетување на слухот, тинитус и ѕвонење во ушите
- зашеметеност поради нарушување на вестибуларниот систем (систем одговорен за одржување на рамнотежа и координација, кој се наоѓа во внатрешното уво).

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБИТЕ ЛЕКОТ Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети

**Немојте да го употребувате лекот Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети**
- Ако сте пречувствителни (алергични) на некоја од состојките на овој лек (види поглавје „*Што содржат Бетахистин ПхармаС 24 mg таблетите*“).
- Ако имате висок крвен притисок кој се должи на адренален тумор (феохромоцитом).

**Бидете посебно внимателни со лекот Бетахистин Пхармас 24 mg таблети**
- Ако имате стомачен улцер (чир)
- Ако имате астма
- Ако сте бремени или планирате бременост
- Ако доите.

Ако Вашиот доктор Ви кажал дека имате болест на неподнесување на некои шеќери, советувајте се со Вашиот доктор пред да почнете да го земате овој лек.

Немојте да го земате овој лек ако имате некој од горенаведените симптоми. Ако не сте сигурни, посоветувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да го земете овој лек.

**Употреба на лекот Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети со храна и напиток**
Во тек на лекувањето со Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети можно е консумирање на алкохолни пијалоци.
Таблетите може да се земат независно од оброкот.

**Бременост и доење**
Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете било каков лек.

Немојте да земате бетахистин ако сте бремени, планирате бременост, се сомневате дека сте бремени или доите.

**Влијание врз способноста за возење или за ракување со машини**
Не се препорачува возење и ракување со машини, ако се чувствувате поспано додека го земате овој лек. Од тие причини пред да седнете во возило или пред да почнете со ракување на машина потребно е да се направи проверка како реагирате на примената на овој лек.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Употреба на други лекови заедно со Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети**

***Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт ако земате или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.***

Не се забележани било какви интеракции со други лекови. Ако забележите некое несакано дејство, информирајте го Вашиот доктор или фармацевт.

## 3. КАКО ДА ГО УПОТРЕБУВАТЕ ЛЕКОТ Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети

***Строго придржувајте се кон упатствата на докторот. Ако не сте сигурни како да го земате лекот, потребно е да се посоветувате со Вашиот доктор или фармацевт.***

Таблетата проголтајте ја со вода.
За да ги намалите можните желудечни тегоби, таблетата може да ја земете за време или по оброкот.

Вообичаена доза е една таблета Бетахистин ПхармаС 24 mg, еднаш или двапати дневно.

Подобрување вообичаено се чувствува по неколку денови, но може да се манифестира и постепено, понекогаш по неколку седмици од почетокот на лекувањето. Со континуирано лекување, состојбата се подобрува, а оптимални резултати може да се очекуваат по неколку месеци од почетокот на лекувањето.

*Постари лица*
Не е потребно прилагодување на дозата кај лица постари од 65 години.

*Деца*
Не се препорачува примена на Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети кај деца.

**Ако сте земале поголема доза од лекот Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети отколку што треба**
Ако Вие или некој друг земал повеќе таблети отколку што Вашиот доктор препорачал, јавете се во најблиската болница или известете го Вашиот доктор. Земете го пакувањето со остатокот од таблетите или упатството со Вас, за да здравствениот работник на кој му се обраќате точно знае кој лек сте го земале.

**Ако сте заборавиле да го земете лекот Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети**
Ако сте заборавиле да ја земете дозата, причекајте и земете ја следната доза. Немојте да земате двојна доза (две дози истовремено) за да ја надокнадите заборавената доза.

**Ако престанете да го земате лекот Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети**
Земајте ги таблетите сé додека Вашиот доктор не Ви каже да го прекинете лекувањето.
Дури и кога ќе почнете да се чувствувате подобро, докторот ќе Ви препорача да се продолжи со лекувањето одреден временски период, за да се утврди со сигурност дека лекот во потполност делувал.

***Во случај на било какви нејаснотии или прашања за употребата на лекот Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети, советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт.***

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

PharmaS

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите други лекови, така и лекот Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети може да има несакани дејства, иако истите не се јавуваат кај сите болни.

Следниве несакани дејства се многу значајни и потребна е итна медицинска интервенција ако се појават:

- реакции на пречувствителност како:
  - отекување на лицето, јазикот и гркланот, кои може да предизвикаат значајни потешкотии во дишењето
  - црвен кожен осип и уртикарија.

Овие реакции се многу ретки, но може да бидат опасни. Ако се појават, веднаш престанете со земање на лекот и јавете се кај Вашиот доктор.

*Чести несакани дејства (се јавуваат кај помалку од 1 на 10 пациенти и повеќе од 1 на 100 пациенти; 1-10%):* мачнина и нарушување на варењето на храната.

*Други несакани дејства:* главоболка, чешање, осип, благи желудечни нарушувања како што се повраќање, стомачна болка и подуеност. Нарушувањата во дигестивниот систем делумно може да се намалат со земање на лекот за време на оброците или со намалување на дозата.

***Ако забележите било какви несакани дејства, Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт.***

## 5. ЧУВАЊЕ НА ЛЕКОТ Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети

***Лекот Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети чувајте го на места недостапни за деца.***

Да се чува во оригинално пакување на температура до 25 °C.

***Лекот Бетахистин ПхармаС 24 mg таблети не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.***

Неупотребениот лек секогаш вратете го на Вашиот фармацевт.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Начин и место на издавање на лекот**
Лекот може да се издава само со лекарски рецепт.

**Датум на последна ревизија на текстот на упатството за пациентот**
/

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ